FOSTER
INCLUSION OF FOREIGNERS IN THE WESTERN BALKANS
ACCESS TO SOCIAL AND ECONOMIC RIGHTS

This project is funded by the European Union

# Анализа на правна рамка за социјални и економски права на ранливи категории на странци во Северна Македонија

BALKAN REFUGEE AND MIGRATION COUNCIL

Скопје, Ноември 2024

DRC DANISH REFUGEE COUNCIL

**Издавач**
Македонско здружение на млади правници
ул. Донбас 14/1-6
Скопје, С. Македонија
Телефон/факс 02/ 3 220 870; contact@myla.org.mk
www.myla.org.mk

**За издавачот**
Бојана Божиновска Силјановска

**Автор**
Иван Штерјоски

**Уредник**
Назиф Авди

**Графички дизајн**
Харис Муриќ

**Број на копии**
50

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија во рамки на проектот: Инклузија на странците во Западен Балкан-пристап до социјални и економски права (ФОСТЕР). Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

Скратени називи 1

Предговор 2

Цели 3

Методологија 4

Правна рамка 4

Политичка рамка 7

Институционална рамка 8

Меѓународни организации 14

Локални организации 16

Престој и слобода на движење 17

Право на сместување и домување 20

Право на образование 22

Право на здравствена заштита 22

Социјална заштита 23

Право на работа и вработување 25

Право на сопственост 28

Право на семеен живот 30

Слобода на здружување 32

Заклучоци и препораки 33

# Скратени називи

| | |
|---|---|
| ЕКЧП | Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (Европска конвенција за човекови права) |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗМПЗ | Закон за меѓународна и привремена заштита |
| ИОМ | Меѓународна организација за миграции |
| ИЦМПД | Меѓународен центар за развој на миграциски политики |
| МАРРИ | Регионална иницијатива за миграции, азил и бегалци |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕТ | Министерство за економија и труд |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗМП | Македонско здружение на млади правници |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МСПДМ | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка на Европа |
| ООН | Организација на обединетите нации |
| УНФПА | Агенција на Обединетите нации за сексуално и репродуктивно здравје |
| УНХЦР | Висок комесаријат за бегалци на Обединетите нации |
| ФЗОМ | Фонд за здравствено осигурување на С. Македонија |
| ЦСР | Центар за социјална работа |
| ЦУК | Центар за управување со кризи |

# Предговор

Секое современо демократско општество треба да цели кон креирање на овозможувачка средина, во која граѓаните ќе можат непречено да го остварат целокупниот нивен потенцијал, а на тој начин ќе придонесат и кон социо-економскиот раст и развој. За остварување на оваа цел, неопходно е континуирано унапредување на политичката и правна рамка која се однесува на заштита на човековите слободи и права, проширување на нивниот опсег, како и јакнење на капацитетите на институциите кои треба да обезбедат доследна примена на законите.

Ограничувањето на слободите и правата на граѓаните треба да претставува редок исклучок, односно да се применува единствено во случаите во кои непосредно се засегнати општиот интерес, безбедноста на државата, или здравјето на граѓаните. Ранливите категории на странци се под зголемен ризик од непочитување на нивните слободи и права – од една стана претставуваат социјална група која ниту според законот не ужива еднаков третман и права како и државјаните С. Македонија, а истовремено не се вклучени во процесите на креирање на политиките и донесување на одлуките од кои се непосредно засегнати. Граѓанските организации имаат за задача будно да ја следат практичната примена на законите и да алармираат при секоја забележана повреда или незаконито ограничување на човековите слободи и права. Исто така, во насока на превенирање на идни повреди на човековите слободи и права, неопходни се напори кон унапредување на правната и политичката рамка, јакнење на капацитетите на надлежните институции и засегнати страни, како и изградба на ефикасни превентивни и заштитни механизми. Овие цели може да бидат постигнати преку конзистентен процес на застапување, во кој предлог интервенциите во правната и политичката рамка презентирани од граѓанските организации ќе бидат поддржани со факти, аргументи и докази, кои се засновани на спроведени истражувања. Од овие причини, мотивирани да направиме дополнителен исчекор кон поефективен пристап на ранливите категории на странци во С. Македонија до социјалните и екононски права преку застапување на нивните права, интереси и загрижености, Македонското здружение на млади правници во рамки на проектот „Вклученост на странците во Западен Балкан – Пристап до социјални и економски права“ спроведе истражување на постоечката правна, политичка и институционална рамка, чии наоди, заклучоци и препораки се содржани во овој документ - анализа за пристапот на ранливите категории на странци до социјални и економски права во С. Македонија.

# Цели

Овој документ е изготвен во рамки на регионалниот проект „Вклученост на странците во Западен Балкан – Пристап до социјални и економски права“,[1] дизајниран да придонесе кон унапредување на усогласеноста на националната правна рамка со принципите на Европската унија кои се однесуваат на човековите слободи и права, како и усвојување на недискриминирачки политики и ефективни практики за вклучување на ранливите категории на странци, како еден од предусловите за успешно спроведување на процесот на пристапување кон Европската Унија, но и одржлив развој на државите од регионот на Западен Балкан.

Анализата има за цел преку сеопфатен приказ на националната правна и политичка рамка, осврт на усогласеноста на националната правна рамка со меѓународните и особено стандардите на Европската унија за пристапот до социјални права на странците и преку аргументирани препораки за интервенции да придонесе кон унапредување на правната рамка и политиките, дополнително јакнење на капацитетите на институциите, продлабочување на соработката помеѓу засегнатите страни, проширување на опсегот и олеснување на пристапот до социјални права за странците кои престојуваат на територијата на С. Македонија.

Оваа анализа треба да послужи и како базичен документ, односно патоказ за истражувањето за пристапот до социјални права на странците во С. Македонија во пракса, кое исто така ќе биде спроведено во рамки на проектот „Вклученост на странците во Западен Балкан – Пристап до социјални и економски права“.

1 Inclusion of FOreigners in WB– accesS To social and Economic Rights (FOSTER)

# Методологија

Истражувањето е примарно засновано на „канцелариско истражување" (desk research), односно анализа на законските и подзаконски акти, националните и локални политики преточени во стратешките документи и акциски планови за остварување на истите, извештаи од релевантни институции, домашни и меѓународни организации, како и пракса на судовите во С. Македонија и Европскиот суд за човекови права.

Дополнително, како извор на податоци се користени и информации добиени по поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до надлежните институции.

# Правна рамка

Уставот на Р. С. Македонија е највисок правен акт со кој се дефинирани темелните вредности на уставниот поредок. Уставот ги гарантира пристапот до правото на азил за странците, правото на сопственост и правото на слободно изнесување на вложувањата на странските лица во С. Македонија. Согласно начелата на уставност и законитост, сите законски акти донесени од Собранието на С. Македонија мора да бидат усогласени со Уставот, а сите останати прописи со Уставот и законите.

Законот за странци ги регулира условите за влез, излез и престој на територијата на С.Македонија, враќање на странците со незаконски престој, како и правата и должностите на странците во С. Македонија. Одредбите од овој закон се однесуваат на сите странци, освен на странци кои бараат меѓународна заштита од С. Македонија согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита, како и странци кои според меѓународното право уживаат привилегии и имунитети, доколку примената на овој закон е во спротивност со преземените меѓународни обврски и начелото на реципроцитет.[2] Со Законот за странци се уредуваат и постапките за издавање на виза за влез и престој на територијата на С. Македонија, како и издавање на дозволи за привремен и постојан престој.

Со Законот за вработување и работа на странци се уредуваат условите и постапката под кои странци можат да се вработуваат или да работат во С. Македонија.

Законот за меѓународна и привремена заштита ги уредува условите и постапката за добивање, престанок и поништување на право на меѓународна заштита (азил) во С. Македонија на странец или лице без државјанство, како и правата и должностите на барателите на право на азил и лицата на кои им е признаено право на азил.

2 Член 3 од Законот за странци

Законот за основно образование го уредува воспитно-образовниот процес кој се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем. Согласно одредбите на овој закон секое дете има право на бесплатно и квалитетно основно воспитание и образование во основно училиште, а исто така во основното образование можат да се вклучат и возрасни лица, согласно одредбите на Законот за образование на возрасните.

Законот за средно образование ги уредува организацијата, функционирањето и управувањето со средното образование во С.Македонија, вклучително и начинот и условите под кои странските државјани и лицата без државјанство можат да се здобијат со средно образование, како и нострификација или признавање на еквиваленција на свидетелство стекнато во странство.

Законот за високо образование го уредува вршењето на дејноста на високото образование, како и условите под кои македонските и странските државјани може да се запишат на студии на јавните и приватните високообразовни установи во С. Македонија.

Законот за здравствена заштита ги уредува прашањата кои се однесуваат на организацијата на системот на здравствена заштита и вршењето на здравствена дејност во С. Македонија. Во однос на странските државјани, овој закон ги уредува и условите под кои се даваат здравствени услуги на странци кои самите ги намируваат трошоците за лекување, како и условите под кои странец може да се вработи во здравствена установа во С. Македонија.

Законот за здравствено осигурување ги уредува здравственото осигурување на граѓаните (задолжително и доброволно), правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување. Согласно одредбите на овој закон, осигуреници кои задолжително здравствено се осигуруваат се и странец кој на територијата на С. Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва (ако со меѓународен договор поинаку не е определено), странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во С. Македонија (ако со меѓународен договор поинаку не е определено), лице со статус на бегалец, лице под супсидијарна заштита и лица - жртви на трговија со луѓе.

Со Законот за социјална заштита се уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката на остварување на правата од социјалната заштита. Корисници на социјална заштита, според овој закон, покрај државјаните кои имаат постојано живеалиште во С. Македонија, се и странците кои имаат регулиран постојан престој во С. Македонија, лица баратели на право на азил, лица со статус на признаен бегалец и лица под супсидијарна заштита, под услови и на начин утврдени со закон[3].

[3] Член 15 и 16 од Законот за социјална заштита

Законот за заштита на децата ја уредува заштитата на децата, како организирана дејност заснована на правата на децата. Овој закон ги пропишува и условите под кои граѓаните и странските државјани имаат право на паричен надоместок на име детски додаток, како и посебен додаток за бегалци и лица под супсидијарна заштита кои се родители на дете со пречки во развојот, односно со специфични потреби.

Законот за задолжително социјално осигурување ги уредува видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка и роковите на плаќање на придонеси, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите. Со овој закон се утврдуваат и обврските и условите за плаќање на придонеси на задолжителното социјално осигурување кои се применуваат на странците, лицата со статус на бегалец и лицата под супсидијарна заштита.

Билатерални договори во областа на социјалната заштита - С. Македонија има склучено 23 билатерални договори за координација на системите за социјално осигурување[4], од кои 13 се со држави членки на ЕУ. Исто така, С. Македонија има склучено и 18 билатерални договори за меѓусебно здравствено осигурување. Со овие договори врз основа на принципот на реципроцитет, се регулираат начинот и условите под кои државјаните од државите-потписнички ќе имаат пристап до социјална права, кога престојуваат на територијата на другата држава.

Законот за пензиско и инвалидско осигурување ги уредува задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, опфатот на осигуреници, правата кои се остваруваат од ова осигурување, како и матичната евиденција на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, вклучително и странците за кои се плаќани придонеси за пензиско и инвалидско осигурување во С. македонија.

Законот за осигурување во случај на невработеност ги уредува прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица, други лица кои бараат работа и државата, во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и други прашања од значење за вработувањето. Исто така, закон ги утврдува условите под кои странските државјани кои законски престојуваат на територијата на С. Македонија може да остварат право на паричен надоместок поради невработеност.

Со Законот за евиденциите во областа на трудот се уредува воспоставувањето на евиденциите во областа на трудот и начинот на нивното водење. Овој закон пропишува и обврска Агенцијата за вработување да води евиденција за странските државјани и за лицата без државјанство кои бараат вработување или се вработени во С. Македонија.

4 Листата на држави со кои С. Македонија има склучено билатерални договори во областа на социјалното осигурување се достапни на следниот линк https://www.mtsp.gov.mk/dogovori-za-socijalno-osiguruvanje.nspxa

Законот за сопственост и други стварни права ги уредува правото на сопственост и другите стварни права, помеѓу другото и условите под кои странски физички и правни лица може да стекнуваат право на сопственост и други стварни права.

Законот за трговските друштва ги уредува формата, дејноста, уписот на основање, промена и престанок на трговските друштва,  начинот на управување, одлучување и распределба на добивката и загубите до работењето на трговските друштва, вклучително и трговски друштва во кои како основачи, содружници, акционери или членови на органи на управување се јавуваат и странски физички или правни лица.

Законот за спречување и заштита од дискриминација ги уредува превенцијата и забраната од дискриминација, облиците и видовите на дискриминација, постапките за заштита од дискриминација, како и составот и работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Цел на овој закон е обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи, а истиот се однесува на сите физички и правни лица.[5]

Со ратификацијата на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, како и Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан (во рамки на иницијативата Отворен Балкан),  државјаните на с. Македонија, Србија и Албанија можат да работат во било која од државите на оваа иницијатива во поедноставена процедура. Договорите и донесените законски измени овозможуваат електронско издавање дозвола за престој, односно единствен матичен број за странец, а притоа целосно е изземена постапката за обезбедување работна дозвола за државјаните членки на иницијативата Отворен Балкан, односно истата е заменета со електронски сертификат за слободен пристап до пазарот на трудот во државите кои се членки на Отворен Балкан.

# Политичка рамка

Во прегледот на политичката рамка, ќе се осврнеме и на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 година, иако овој документ до денот на објавување на оваа анализа не е формално усвоен.  Сепак, станува збор за сеопфатен документ со кој се поставени стратешките цели, клучни мерки и препораки, кој има за цел да придонесе кон одржлива интеграција на лицата со статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита, барателите на азил кои се корисници на мерки за рана интеграција,  како и странците со регулиран престој во С. Македонија.[6] Заснован на анализа на постигнувањата, но и недостатоците, предизвиците и научените лекции од имплементација на претходната Стратегија за интеграција на бегалците и странците 2008-2015 година, документот ги идентификува вработувањето, образованието, долгорочните решенија за домување, јакнењето на капацитетите на креаторите на политиките, пристапот до државјанство

5 Член 2 и 3 од Закон за спречување и заштита од дискриминација

6 Стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 година

и вклученоста на локалните власти особено во сферата на домувањето како клучни приоритетни области, бидејќи направените анализи покажале дека во овие области се постигнати помали резултати од очекуваното.

Значително внимание е посветено и на раната интеграција на лицата баратели на азил, односно како што е наведено во самиот документ „оваа Стратегија има предвид дека времето до завршување на постапката за азил може да се искористи како продуктивно време, кога во оваа рана фаза, барателот на азил може да учествува во одредени образовни и професионални програми за обука што ќе му помогнат во подоцнежните фази од процесот на интеграција".[7] Дополнително, стратегијата го усвојува и принципот на индивидуалност во процесот на интеграција на секое лице, односно „потребите опфатени со овој процес можат да се решаваат само ако бегалците се препознаваат како поединци, а не како хомогена група за којашто се предвидени едни исти мерки бидејќи се смета дека таквите мерки се применливи за сите нејзини припадници. Овој пристап е веќе земен предвид во Македонија, каде Центарот за интеграција на бегалци и странци работи на развојот на индивидуални и семејни планови за интеграција со акцент на индивидуалните потреби и изработката на посебно скроени решенија[8]".

Со цел постигнување на очекуваните резултати од стратегијата изготвен е и Национален акциски план, како сеопфатен документ со активности и мерки кои се релевантни за поддршка на интеграцијата (домување, здравство, образование, социјална заштита и развој на заедницата), при што процесот на локална интеграција се состои од два клучни елементи – првиот во кој е постигнат и позначаен напредок има за цел лицата што ќе добијат азил да ги вклучи на рамноправна основа во националниот систем за обезбедување на здравствени и услуги од социјална заштита, а вториот „предвидува развоен аспект на интеграцијата преку специјално приспособени проекти што имаат за цел да ја поддржат независноста на лицата што ќе добијат азил на тој начин што ќе им се излезе во пресрет на нивните потреби во сферите на домување, вработување, образование и стручна обука[9]".

Во областа на раната интеграција, стратегијата предвидува обезбедување предуслови и градење на институционалниот капацитет за спроведување на мерките за рана интеграција, а помеѓу активностите кои ќе го поддржат процесот на рана интеграција се наведени организирање курсеви по македонски јазик, вклучително курсеви за интеграција, за деца и возрасни, воспоставување образовни програми во прифатниот центар и обезбедување пристап до редовните училишни програми, олеснување на пристапот до поддршката за рана интеграција за непридружувани деца и разделени деца и воспоставување програми за стручна обука за да се олесни интеграцијата на пазарот на трудот земајќи ја предвид возраста и родовата припадност.

Што се однесува до домувањето, Стратегијата промовира долгорочен пристап кој нема да се состои од специјализирани услуги наменети исклучиво за бегалците, односно

7 Ibid

8 Ibid

9 Ibid

предвидува да се зголеми капацитетот за социјално домување до кој подеднаков пристап ќе имаат локалното население и бегалците. Ова е правилен и инклузивен пристап, кој превенира „гетоизирање" на ранливите категории на странци, а истовремено промовира нивно препознавање како рамноправни корисници на услугите во областа на социјалната заштита. Сепак, токму политиките во областа на домувањето на ранливите категории на странци, беа причина за превирања во јавноста, делумно и како резултат на дезинформации и одредени ксенофобични изјави и наративи, кои предизвикаа одложување на усвојување на Стратегијата за интеграција на бегалците и странците 2017-2027 година, но и одлуки за распишување на референдуми на локално ниво кои беа поништени од Уставниот суд на С. Македонија.[10]

Во однос на пристапот до образование, Стратегијата го насочува фокусот кон непречено обезбедување образование за бегалците, „не како периферна изделена услуга, туку како суштествена компонента на еден одржлив процес за интеграција на бегалците". Притоа, учењето на јазикот на земјата домаќин е од клучно значење за интеграцијата и учеството во системот на редовно образование. Согласно препораките и на Европската комисија содржани во Европскиот модел за интеграција на мигрантите, „курсот за интеграција треба да придонесе за излегување во пресрет на очекувањата и потребите на мигрантите, но и на локалната заедница, на прием преку обезбедување знаење, разбирање и увид во културните, општествените и други видови традиции во Македонија. Главната цел е да се негува независноста на засегнатите мигранти за тие да го разберат уставот и вградените вредности, и системот на управување на земја домаќин".[11] Во насока на инклузивно и квалитетно образование за ранливите категории на странци, Стратегијата упатува на градење на капацитетите на училиштатата и градинките, особено во делот на обезбедување на дополнителна менторска помош за децата бегалци, но и менторска поддршка и ангажирање на културни медијатори и волонтери кои покрај на децата ќе го олеснат процесот на интеграција и на возрасните лица од ранливите категории на странци.

Вработувањето на ранливите категории на странци, Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 го идентификува како најсложено прашање поврзано со имплементација на стратегијата, кој воедно претставува и клучен чекор кон економска независност и осамостојување на ранливите категории на странци. Како што е наведено во Стратегијата, моделот на субвенционирано вработување се покажал за успешен,[12] а како добра пракса за создавање на одржлива основа на идни можности за вработување на бегалците е посочена и можноста бегалците да посетуваат стручна обука на работното место пред отпочнување со субвенционираното вработување, што на ранливите категории на странци ќе им овозможи да се стекнат со нови знаења и вештини кои се барани на пазарот на трудот и на тој начин да ја зголемат нивната вработливост, а од друга страна им овозможува на работодавците тест период во кој ќе можат да ги „оценат" потенцијалните кандидати за субвенционирано вработување. Во поглед на

10 https://ustavensud.mk/archives/16402; https://ustavensud.mk/archives/16690

11 Стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 година

12 Единесет бегалци се вработиле со субвенционирано вработување (фирмите добиле финансиска поддршка за покривање на брутоплатата за период од шест месеци со обврска да го продолжат договорот за вработување за дополнителни две години).

вработувањето на ранливите категории на странци, Стратегијата се осврнува и на потребата од градење на овозможувачка средина за вработувањето на странските државјани - жени, постари лица и лица со попречености.

Резолуцијата на миграционата политика на Р.С. Македонија, 2021-2025 година има за цел да придонесе кон создавање институционални и други претпоставки за развој на одржлива и сеопфатна рамка за управување на легалните и нелегалните надворешни миграции во функција на унапредување на развојот на земјата.[13] Документот, кој е креиран од Меѓуресорското тело за развој и спроведување на миграциската политика,[14] утврдува пет стратегиски области преку кои треба да бидат остварени целите на Стратегијата: 1.Поддржувачка рамка; 2. Веродостојни и релевантни податоци за надворешните миграции; 3. Управување со легалната миграција; 4. Контрола и управување со нелегалната миграција и 5. Градење на партнерства и меѓународна соработка. Од аспект на ранливите категории на странци, во рамки на стратегиската област 3, предвидено е унапредување на можностите за инклузија и социјална кохезија на странците, како и олеснување на постапките за прием на дефицитарна работна сила.

Националната стратегија за вработување 2021-2027 година предвидува зајакнување на услугите и програмските линии наменети за групите во ризик на пазарот на труд, вклучително и бегалци и баратели на азил. Стратегијата исто така предвидува потребите на групите идентификувани како групи во ризик на пазарот на трудот (млади лица, жени работници, лица со попречености, нискоквалификувани лица, етнички малцинства, бегалци и баратели на азил) да се решаваат преку Гаранцијата за млади, спроведување на програми за обука наменети за нискоквалификувани лица. Она што може да се забележи во однос на инклузивноста на овој инаку сеопфатен документ, е изоставувањето на лицата кои се жртви на трговија со луѓе и општата категорија на странци или работници – мигранти како посебни целни групи.

Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика 2022-2024 година во делот на социјална заштита, подпрограма „Унапредување на системот на социјална заштита, административните капацитети и подобрување на заштитата на ранливите категории граѓани" како еден од показателите согласно кои ќе се мери успешното имплементирање на подпрограмата го наведува „креирањето и спроведување на политики за социјална инклузија (бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица, повратници од реадмисиони договори, лица со ментална или телесна попреченост, стари лица и лица со воспитно-социјални проблеми)".

Стратегијата за образованието за 2018 - 2025 година и Стратешкиот план на Министерството за образование и наука 2024-2026 и покрај акцентирањето на инклузивното образование како еден од приоритетите, не предвидуваат посебен пристап кон странците, бегалците, лицата под супсидијарна заштита, барателите на азил и жртвите на трговија со луѓе.

13 Резолуцијата на миграционата политика на Р.С. Македонија, 2021-2025 година

14 Во Меѓуресорското тело се претставени 11 институции и 4 меѓународни организации

# Институционална рамка

Министерство за внатрешни работи (МВР) одобрува влез на територијата на С. Македонија, привремен и постојан престој на странци, спроведува постапка за признавање на право на азил, односно меѓународна и привремена заштита, ја води постапката за прием во државјанство на С. Македонија, издава идентификациони и патни исправи за странци, спроведува постапка на протерување на странци од територијата на државата и врши други работи согласно закон. Во рамки на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи функционира Сектор за гранични работи и миграции како посебен организационен облик, како и четири регионални центри за гранично работење (исток, запад, север и југ). Министерството за внатрешни работи управува и со Прифатен центар за странци во кој престојуваат странски државјани за кои е донесено решение за привремено задржување до присилно отстранување од територијата на државата, странски државјани чиј идентитет не може да се утврди, а за кои суд донел одлука за задржување во прифатниот центар, како и малолетни странци кои од објективни причини не можат да се предадат на органите на државата чии државјани се.

Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) е одговорно за планирање, креирање и спроведување на социјалната политика. Од аспект на странците кои престојуваат на територијата на нашата држава, релевантните надлежностите на ова министерство се однесуваат на пристап до права од социјална заштита, права од пензиско и инвалидско осигурување, заштита на жртви на трговија со луѓе, прифаќање и сместување на баратели на азил. Со измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 08.06.2024 година, надлежностите во областа на трудот преминаа од дотогашното Министерство за труд и социјална политика, на Министерството за економија и труд. Сепак, Министерството за социјална политика, демографија и млади продолжува да ги врши работите што се однесуваат на трудот (работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените, платите и животниот стандард) сѐ до преземањето на вработените во Министерството за економија и труд.

Во рамки на секторот за социјална заштита на Министерството за социјална политика, демографија и млади функционираат и општинските центри за социјална работа и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје. Центрите за социјална работа функционираат како стручни установи со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита, а пред сѐ одлучуваат за правата од социјална заштита, работите утврдени со семејно-правните прописи, откриваат, следат и проучуваат социјални појави и проблеми, применуваат и спроведуваат соодветни облици на социјална заштита, непосредно помагаат на граѓани, семејства и група на население, а

развиваат и спроведуваат вонинституционални облици на социјална заштита. Центрите за социјални работи решаваат и за парична помош на лица со признаен статус на бегалец и под супсидијарна заштита, а назначуваат и старатели на непридружувани малолетници кои престојуваат или се затекнати на територијата на С. Македонија.

Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, формиран во рамки на Секторот на еднакви можности има за задача да обезбеди идентификација, помош и заштита на жртвите на трговија со луѓе, а за оваа цел ја координира работата на професионалци – социјални работиници од 27-те центри за социјална работа на територијата на С. Македонија, а исто така остварува тековна соработка со останатите релевантни институции и засегнати страни.

Под надлежност на МСПДМ е и Јавната установа Прифатен центар за баратели на азил чија основна дејност подразбира прифаќање, сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги во согласност со минимум стандардите за прифаќање на барателите на азил, утврдени со меѓународни акти, ратификувани со Уставот. Оваа установа сместена во населба Визбегово во Скопје е единствен прифатен центар за баратели на азил во државата. Прифатниот центар има капацитет од 150 легла, со инфраструктура која ги исполнува потребните стандарди за засолниште и прифаќање на баратели на азил.

Исто така, под надлежност на МСПДМ, а во соработка со Центарот за управување се и два привремени транзитни центра кои овозможуваат краткорочно сместување на странци (Прифатно-транзитен центар Винојуг кај Гевгелија, кој може да прими 1.500 лица и Транзитниот центар Табановце со капацитет од 500 лица). Притоа, и двата транзитни центри не се соодветни за подолг престој и законскиот статус на двата центра е во спротивност со меѓународните стандарди.[15]

Во 2009 година, со поддршка на УНХЦР, Министерството за труд и социјална политика основа Центар за интеграција на бегалци и странци, кој стана носител на имплементацијата на мерките од Стратегијата за интеграција. Центарот, освен што има за задача да му помага на секој бегалец да оствари целосен пристап до правата од социјална заштита, домување и здравствено осигурување, подготвува и индивидуални односно семејни планови за интеграција, со цел дефинирање на посебно скроени мерки за интеграција во другите животни сфери – образованието, вработувањето, домување и.т.н.

Центарот за жртви на трговија со луѓе обезбедува привремено сместување на жртви на трговија со луѓе како и странци со привремен престој во С. Македонија. Во рамки на овој Центар со кој исто така раководи Министерството за социјална политика, демографија и млади, достапна е 24-часовна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе.

15 Извештај на Европската унија за С. Македонија за 2023 година

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување е надлежен за управување со системот за пензиско и инвалидско осигурување. Со статутот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување поблиску се уредува начинот на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување на граѓаните. Фондот е надлежен и кога правата од пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат врз основа на ратификувани меѓународни договори.[16]

Министерство за образование и наука (МОН) е надлежно за креирање и спроведување на политиките во областа на образованието, а од себезададената мисија на ова министерство да цели кон обезбедување на сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот", произлегува и обврска за МОН да обезбеди соодветни услови за организирање на квалитетен образовен процес за странците кои престојуваат на територијата на С. Македонија.

Министерство за здравство има за задача да ги врши работите кои се однесуваат на здравствена заштита на населението, преку воспоставување на функционален систем на здравствено осигурување и здравствена заштита.

Фондот за здравствено осигурување е одговорен за спроведување на задолжителното здравствено осигурување, а учествува и во реформира на примарната здравствена заштита, секундарната специјалистичко-консултативна и терцијарната - болничка заштита. ФЗОМ е надлежно и за сите прашања поврзани со здравственото осигурување на странци во С. Македонија.

Агенцијата за вработување е јавна установа која врши стручни, организациски, административни и други работи кои се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот. Во однос на вработувањето на странците, Агенцијата за вработување донесува решение за издавање на работните дозволи и продолжување на работните дозволи утврдени со Законот за вработување и работа на странци. Во рамки на секторот за активни мерки и услуги за вработување функционира Одделение за вработување на странци кое ги води постапките за издавање на работни дозволи на странци и дава мислење за исполнетост на условите за издавање на дозвола за привремен престој на странец заради работа.

Меѓуресорското тело (група) за развој и спроведување на миграциската политика, ја донесува Резолуцијата за миграциска политика на С. Македонија и се грижи за нејзино ефикасно и ефективно спроведување. Ова тело го сочинуваат претставници од единаесет институции (Кабинетот на Владата, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за економија, Министерството за здравство, Секретаријатот за европски прашања,

16 Член 125 став 2 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување

Државниот завод за статистика) и претставници на меѓународните организации ИОМ, УНФПА, УНХЦР, ИЦМПД и МАРРИ.

Единиците на локалната самоуправа - општините и градот Скопје како посебна организациона единица основаат, финансираат и администрираат основни и средни училишта, управуваат со мрежата на јавно здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита, делуваат како едни од носителите на социјалната заштита,[17] основаат детски градинки и домови за грижа на стари лица, обезбедуваат помош и поддршка на лица од ранливите категогии, вклучително и помош и поддршка за домување на лица во социјален ризик. Уставот и законската рамка на С. Македонија овозможуваат и поголема вклученост на локалните власти во олеснување на интеграцијата на бегалците и странците во локалната заедница, а во оваа насока на локалните власти достапен им е и Водич за локални власти за интеграција на мигранти, изработен од ОБСЕ/ОДИХР во 2018 година.[18]

# МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

УНХЦР – Агенција за бегалци на ООН е присутна во С. Македонија од 1993 година, кога Канцеларијата на Високиот комесаријат за бегалци отвора канцеларија во Скопје на барање на Владата. Во изминатите три декади, УНХЦР во С. Македонија работи на заштита на сите лица кои се принудени да ги напуштат нивните домови, како и лицата без државјанство, соработува со надлежните институции во насока на заштита на правата на лицата од грижа на УНХЦР, во соработка со локални партнерски организации обезбедува хуманитарна помош во услови на вонредна состојба, правна и психо-социјална заштита и поддршка на лица кои биле принудени да ги напуштат нивните домови сѐ до настанување на услови за нивно безбедно враќање во државата на потекло, или градење на иднина во друга држава. УНХЦР лобира и им помага на властите во унапредување на законската рамка која ќе им овозможи ефикасен пристап до права за барателите на азил, лицата на кои им е признено право на меѓународна заштита и лицата под ризик на бездржавјанство и ја следни практичната примена на овие закони. Согласно одредбите на Законот за меѓународна и привремена заштита, органите на управата соработуваат со Високиот комесаријат за бегалци (УНХЦР) во сите фази од постапката за признавање на право на азил, Исто така, при разгледување на барањата за признавање на азил, Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи треба да ги земе предвед извештаите на УНХЦР и други релевантни меѓународни организации кои се однесуваат на земјата на потекло, а организацијата е овластена со овој закон и за обезбедување на правна помош на барателите на азил.

Меѓнародната организација за миграции – ИОМ, ги поддржува властите во С. Македонија да ги постигнат базичните стандарди и да им обезбедат подобри услови

17 Член 3 став 3 од Законот за социјална заштита

18 https://www.osce.org/files/Local%20Authorities%20Migrant%20Integration%20Guide%20web.pdf

за живот на лицата кои се засегнати од кризи. ИОМ работи во областите на доброволно враќање и реинтеграција, борба против трговија со луѓе, подобрени политики и градење на капацитетите кои се однесуваат на имиграција и управување со границите, промовирање на сеопфатни здравствени програми кои се корисни и достапни на мигрантите, унапредување на политиките и градење на капацитетите кои се однесуваат на миграциските движења на работната сила.

МАРРИ е регионална иницијатива за миграции, азил и бегалци во која учествуваат С. Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Косово.[19] Иницијативата промовира поблиска регионална соработка, координиран и хармонизиран пристап во областите на миграции, азил, гранично управување, трговија со луѓе, визен режим, како и постапување со бегалците согласно меѓународните стандарди и стандардите на Европската Унија.

Меѓународниот центар за развој на миграциски политики (ИЦПМД) е основан во 1993 година, како иницијатива на владите на Австрија и Швајцарија да служи како механизам за поддршка преку неформални консултации и да обезбеди експертиза и ефикасни услуги во областа на миграции и азил.[20] Во С. Македонија, ИЦПМД имплементира активности пред сè насочени кон зајакнување на капацитетите на институциите и унапредување на миграциските политики. Во оваа насока, неодамна беше реализиран и проектот „Зајакнување на системот за управување со азил и миграции во С. Македонија",[21] во кој клучниот акцент е ставен на имплементирање на пристап заснован на човекови права, со особен фокус на подобрените културни и родово-сензитивни пракси помеѓу властите за гранично управување. Проектните активности се состоеле од две компоненти 1) миграции и управување со процесот на враќање на странци и 2) прифатни центри за азил.[22]

УНХЦР, ИОМ, МАРРИ и ИЦПМД се претставени во Меѓуресорското тело за развој и спроведување на миграциската политика.

19 https://marri-rc.org.mk/
20 https://www.icmpd.org/about-us/about-icmpd
21 Strengthening of the Migration and Asylum Management System in the Republic of N. Macedonia (MANOMA) project
22 https://www.migrationpartnershipfacility.eu/mpf-projects/54-strengthening-of-the-migration-and-asylum-management-system-in-the-republic-of-north-macedonia-manoma/preview

# ЛОКАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) обезбедува правна помош и застапување на ранливи категории на лица, вклучително и баратели на азил, мигранти и лица без државјанство. Организацијата е вклучена и во активности кои имаат за цел да придонесат кон зајакнување на капацитетите на државните институции преку организирање на обуки за претставници на надлежните државни институции, правосудните органи, локалните власти, граѓанските заедници и правничката заедница во областа на миграции и азил, особено на следните теми: постапката за признавање на право на азил во С. Македонија; изградба на ефикасен систем за азил и миграции; бесплатна правна помош на баратили на азил; интеграција на бегалци; поддршка на ранливи категории на бегалци и мигранти; процедури за ограничување на слободата на движење на бегалци и мигранти. Во остварување на својата мисија МЗМП исто така го применува пристапот на стратешко застапување[23] пред домашните судови и Европскиот суд за човекови права во случаите на повреди на човековите слободи и права, со особен акцент и експертиза во областите миграции и азил. Организацијата е се повеќе активна и на полето на застапување, а со цел да придонесе кон усвојување на подобрени национални и локални политики за лицата на кои им е потребна поддршка, а одблиску ја следи и практичната имплементација на политиките и законите, осбоено од аспект усогласеноста на практичната примена на законите со принципот на владеење на правото, како и меѓународните стандарди во областа на човековите права.

Отворена порта (Ла Страда) е членка на Ла Страда Интернационал – една од водечките европски мрежи на невладини организации која има за цел да придонесе кон свет без трговија со луѓе, преку промовирање на почитување на човековите права. Во С. Македонија организацијата ги застапува жртвите на трговија со луѓе и сексуално насилство и има активна улога во креирање на националните политики.[24]

Легис е локална хуманитарна непрофитна организација која обезбедува хуманитарна помош и заштита на бегалци, баратели на азил и мигранти. Правна помош, психо-социјална заштита, активности за подигнување на свеста, како и активности на застапување со цел унапредување на политиките за ранливите категории на лица, се дел од активностите кои ги спроведува организацијата.[25]

Црвен крст на Р. С. Македонија како хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи,[26] обезбедува континуирана помош и поддршка на лица кои во С. Македонија престојуваат како бегалци од кризни поддршка.

23 https://myla.org.mk/aboutus/
24 https://lastrada.org.mk/
25 https://legis.mk/mk/
26 https://ckgs.org.mk

Организацијата имаше важна улога во поддршка на најранливите категории на бегалци и мигранти во периодот на мигрантската криза од 2015/2016 година, а континуирано се обезбедува тековна поддршка на бегалците -согласно евиденцијата на Црвениот крст, повеќе од 800 бегалци од Украина се обратиле кај нив за помош од почетокот на вооружениот конфликт во Украина.[27]

# ПРАВО НА ПРЕСТОЈ И СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА С. МАКЕДОНИЈА

Слобода на движење. Право да престојуваат и слободно да се движат на територијата на С. Македонија имаат странските државјани кои оствариле законски влез и се уште не е изминат периодот на кој им е дозволено да престојуваат на територијата на С. Македонија, странски државјани кои се стекнале со право на привремен или постојан престој, како и лица кои престојуваат на територијата на С. Македонија согласно одредбите на Законот за меѓународна и привремена зашита. Притоа, по истекот на периодот на правото на престој, доколку правото на престој на е обновено или продолжено, како и во случај на престанок на правото на престој, странските државјани се должни да ја напуштат територијата на С. Македонија, во спротивно законот предвидува спроведување на постапка на отстранување на странските државјани од С. Македонија.

На странец може да му биде ограничена слободата на движење во С. Македонија, исклучиво кога ограничувањето е предвидено со закон. Странец кој незаконски престојува на територијата на С. Македонија, заради обезбедување во постапката за отстранување, може да биде задржан од страна на Министерството за внатрешни работи најдолго до 24 часа.[28] Доколку, во тој рок не може да биде спроведена постапката на отстранување на странецот од територијата на С. Македонија, странецот се сместува (задржува) во Прифатниот центар за странци, установа од затворен тип во која е ограничена слободата на движење само во рамки на објектот. Во Прифатниот центар привремено може да се задржи и странец кој незаконски престојува на територија на С. Македонија, а за кој не е донесена одлука за враќање поради ризик од бегство или кога странецот ја избегнува или попречува постапката за враќање,странец за кој е одлучено да се врати, а кој не поседува валидна патна исправа поради што не може доброволно да ја напушти С. Македонија, како и барател на право на азил, за кој е донесена одлука за ограничување на слобода на движење согласно со закон[29].

На барателот на право на азил во исклучителни случаи може да му се ограничи слободата на движење, односно доколку не можат да бидат применети помалку принудни алтернативни мерки кои можат да ја остварат целта[30].

28 Член 158 ст.1 од Законот за странци
29 Член 159 ст. 1,2,3 и 4 од Законот за странци
30 Член 63 од Законот за меѓународна и привремена заштита

Слободата на движење на баратели на азил може да се ограничи со следниве мерки: - забрана за движење надвор од Прифатен центар за баратели на азил или друго место за сместување определено од страна на Министерството за труд и социјална политика или - сместување во Прифатен центар за странци. Притоа, мерките за ограничување на слобода на движење се изрекуваат најдолго до три месеци, а по исклучок, доколку сè уште постојат причините за нивно изрекување може да се продолжат најдолго уште три месеци.[31]

За ранливи лица и малолетните лица без придружба мерката сместување во Прифатен центар за странци се применува само врз основа на индивидуална оценка, како и претходна согласност од страна на родителот, односно законски утврдениот старател, дека такво сместување одговара на нивните лични и посебни околности и потреби, имајќи ја предвид нивната здравствена состојба.[32]

Привремен престој му се одобрува на странец кој има намера да престојува во Република Северна Македонија заради следниве причини: работа, школување, студирање или изучување јазик на кој се изведува наставата, учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти, специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, волонтирање, научно-истражувачка дејност, лекување, сместување или згрижување во установи за стари лица, семејно обединување или хуманитарни причини.

Привремен престој се одобрува и на: странец кој е член на потесното семејство на државјанин на С. Македонија, странец кој по потекло е од С. Македонија, дете на странец родено во С. Македонија или - странец, државјанин на држава членка на Европската Унија или на ОЕЦД или кој согласно со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Р.С. Македонија стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда или куќа на територијата на С. Македонија под услови утврдени со закон, во износ од најмалку 40.000 евра.

Странецот на кој му е дозволен привремен престој за одредена цел, може да престојува во С.Македонија само во согласност со целта заради која му е дозволен престојот и за определено време.

На странец му се одобрува привремен престој доколку: има средства за издржување, односно издржувањето му е обезбедено на друг законски начин, има обезбедено сместување или има средства за сместување, има здравствено осигурување, ги исполнува условите предвидени за одделни видови на привремен престој утврдени во Законот за странци, не претставува закана за јавниот поредок, националната безбедност, јавното здравје или за меѓународните односи на С. Македонија, не е осудуван во државата чиј државјанин е и во државата во која престојува на безусловна казна затвор во времетраење подолго од 6 (шест) месеци за кривично дело кое се гони по службена должност, а исто така и не се води кривична постапка против него во државата чиј

31 Член 64 од Законот за меѓународна и привремена заштита

32 Член 66 од Законот за меѓународна и привремена заштита

државјанин е или во државата во која престојува и од која го поднесува барањето за одобрување на привремен престој за кривично дело за кои е предвидена казна затвор во времетраење подолго од 6 (шест) месеци кое се гони по службена должност.

На странецот, на кој му е издадено решение со кое му се одобрува привремен престој, Министерството за внатрешни работи му издава дозвола за привремен престој.

Дозволата издадена за привремен престој заради работа, преставува единствена дозвола за работа и престој на странецот на кој му се издава.

Привремен престој се продолжува за време што е потребно за исполнување на целта на престојот, но не подолго од една година.

Привремен престој заради работа, според намената, ќе се одобри за: 1) вработување на странец; 2) сезонско вработување на странец и 3) упатени работници

На странец на кој во Република Северна Македонија му е одобрен постојан престој или привремен престој, за период од една година, заради работа, научноистражувачка дејност, волонтерство или кој е по потекло од Р.С. Македонија, под услови согласно со овој закон, му се признава право на семејно обединување со членовите на неговото потесно семејство кои се странци. По исклучок, право на семејно обединување не се признава на членови на потесно семејство на странец кој има дозвола за привремен престој заради сезонско вработување.

Привремен престој се одобрува и на странец за кого постојат основи на сомневање дека е жртва на трговија со луѓе, за време на периодот на рефлексија и закрепнување, а по одобрување на привремениот престој, лицето кое до тој момент престојува во Прифатниот центар за странци се сместува во Центарот за жртви на трговија со луѓе.[33]

Постојан престој е престој кој му се одобрува на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувал на територијата на С. Македонија врз основа на одобрен привремен престој. Исто така, постојан престој ќе се одобри и на лице под меѓународна заштита кое најмалку пет години пред поднесување на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувало на територијата на С. Македонија согласно со овој статус.

Постојан престој не му се одобрува на странец кој престојува во С. Македонија врз основа на дозвола за привремен престој издадена заради: работа на сезонски работници, дневни мигранти, преместени работници или работници испратени од обезбедувачи на услуги за целите на прекуграничното обезбедување на услуги, школување или студирање, учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти, -специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, волонтерство,

33 Член 121 од Законот за странци

научно истражување, семејно обединување со покровител кој привремено престојува во С.Македонија заради научно истражување, семејно обединување со покровител кој привремено престојува заради волонтерство, сместување или згрижување во установи за стари лица, лекување и хуманитарни причини. Постојан престој нема да се одобри и на странец кој има одобрение да престојува во С. Македонија врз основа на привремена заштита или поднело барање за одобрение за престој врз таа основа и се уште чека одлука за неговиот статус; странец кој има поднесено барање за меѓународна заштита и не е донесена конечна одлука во постапката за признавање право на меѓународна заштита, странец кој има одобрен привремен престој заради стекнување на право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на териоторијата на С. Македонија; странец кој има законски статус регулиран со Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година, Виенската конвенција за конзуларни односи од 1963 година или Виенската конвенција за претставување на државите во нивните односи со меѓународните организации од универзален карактер.[34]

Покрај законскиот и непрекинат престој од 5 години, законот за странци предвидува и дополнителни услови кои треба да ги исполни странецот за да му биде одобрен постојан престој: стабилни и редовни средства за издржување, без користење на социјална помош; обезбедено сместување или средства за сместување; здравствено осигурување; за време на престојот во С. Македонија, во периодот од последните пет години пред поднесувањето на барањето за постојан престој не сторил кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење од најмалку една година; не претставува опасност за јавниот ред, јавното здравје, националната безбедност или меѓународните односи на С. Македонија и да го владее македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разбере со околината.[35]

# ПРАВО НА СМЕСТУВАЊЕ И ДОМУВАЊЕ

Барателите на азил имаат право на сместувањето во установа за баратели на азил, која опфаќа основна заштита која обезбедува згрижување, 24-часовна помош и поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот. Барателот на право на азил за време на неговиот престој во Прифатниот центар може да поднесе барање до Министерството за труд и социјална политика да престојува надвор од Прифатниот центар на сопствен трошок[36].

На лицата под супсидијарна заштита Министерството за труд и социјална политика им обезбедува сместување, преку давање соодветен стан на користење или на парична помош потребна за обезбедување простории за сместување, до обезбедување на средства за својата егзистенција, односно до периодот до кој е одобрена супсидијарната заштита.

34 Член 129 од Законот за странци
35 Член 130 од Законот за странци
36 Член 62 став 3 од Законот за меѓународна и привремена заштита

На лицата со статус на бегалец од страна на Министерството за труд и социјална политика им се обезбедува сместување, преку давање соодветен стан на користење или на парична помош потребна за обезбедување простории за сместување, до обезбедување на средства за својата егзистенција во период не повеќе од две години по добивање на статусот на бегалец, а доколку лицето активно учествува во процесот на интеграција, овој период може да биде продолжен согласно со програмата за интеграција. Доколку, лицето со статус на бегалец ќе ги одбие дадените простории за сместување од страна на Министерството за труд и социјална политика или доколку лицето по период од две години активно не е вклучено во програмите за интеграција, го губи правото на сместување и може да се насели на друго место по сопствен избор и трошок.[37]

Согласно принципот на локално учество, единиците на локалната самоуправа имаат обврска да ја прифатат одговорноста за сместување на лицата со статус на бегалец и лица под супсидијарна заштита во зависност на економската развиеност и бројот на жителите на единиците на локалната самоуправа, за што одлучува Владата. Сепак, принципот на локално учество сѐ уште не е преточен во пракса.

За време на периодот на закрепнување и рефлексија, жртвата на трговија со луѓе има право на соодветно и безбедно сместување; медицинска и психолошко-социјална помош; материјална помош; превод и толкување на совети и информации за нивните законски права, како и правна помош за време на кривичната или друга постапка во која жртвата на трговија со луѓе ги остварува своите права утврдени со закон.[38]

Исто така, Законот за меѓународна и привремена заштита пропишува дека при примената на овој закон, ќе бидат земени предвид посебните потреби на ранливите лица- баратели на право на азил, лица со статус на бегалец, лица под супсидијарна заштита или лица под привремена заштита. Притоа, како ранливи лица законот ги наведува процесно неспособни лица, малолетни лица, малолетни лица без придружба, тешко болни лица, лица со пречки во развојот, лица со телесна попреченост, стари лица, бремени жени, самохрани родители со малолетни деца, жртви на трговија со луѓе и лица кои биле изложени на мачење, силување или други тешки форми на психолошко, физичко или сексуално насилство. Посебните потреби на ранливите лица ќе се утврдат по пат на индивидуална процена на нивната состојба од страна на надлежната јавна установа за социјална заштита, а при сместувањето и задоволувањето на стандардот на живеење на овие лица ќе биде земена предвид нивната состојба со обезбедување соодветна здравствена, психо-социјална и друга помош.[39]

Во поглед на домувањето, лицата под супсидијарна заштита и лицата со статус на бегалец согласно закон се изедначени во пристапот до права од социјална заштита со државјаните на С. Македонија, па врз основа на ова, барем декларативно имаат и рамноправен пристап до социјално домување, како материјално и станбено необезбедени лица.

37 Член 69 од Законот за меѓународна и привремена заштита
38 Член 122 од Законот за странци
39 Член 35 од Законот за меѓународна и привремена заштита

# ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ

Уставот на С. Македонија го гарантира правото на образование како достапно на секого и под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно.[40] Странците на кои им е одобрен престој на територијата на С. Македонија, согласно одредбите на Законот за основно образование и Законот за средно образование имаат право на основно и средно образование под еднакви услови како и децата кои се државјани на С. Македонија. Сепак, во пракса, јазичните и културни бариери влијаат на пристапот на децата од ранливите категории на странци до основното и средно образование. Дел од децата од ранливите категории на странци не поседуваат валидни документи за идентификација, изостанувале од редовното посетување на училиште, имаат непознавања од одредени предмети[41] и.т.н. Од овие причини, со Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 се предвидени дополнителни мерки на поддршка на вклучувањето на деца од ранливите категории на странци во образовниот процес, преку вклучување на ментори, културни медијатори и јакнење на капацитетите на наставниот кадар за работа со ранливи категории на странци. Дополнителен предизвик претставува признавањето на свидетелствата за завршено образование, особено од држави во кои образовниот систем значително се разликува од домашниот.

Што се однесува до високото образование, Законот за високо образование не содржи одредби за субвенциониран пристап за дефинираната целна група. Имено, за да посетуваат високообразовна установа, бегалците се обврзани да плаќаат школарина, како и сите други странски студенти што престојуваат во С. Македонија, што претставува значителен предизвик и пречка за остварување на правото на високо образование.

# ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Барателите на азил, категорија која воопшто не е спомената во Законот за здравствено осигурување, имаат право на основни здравствени услуги согласно со прописите за здравственото осигурување.[42] Притоа, законот утврдува обврска Министерството за труд и социјална политика да се грижи за обезбедување на средства за издржување и здравствено осигурување на барателите на право на азил, додека се наоѓаат во Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика.[43]

Странците кои оствариле незаконски влез или престој во С. Македонија и кои се сместени во Прифатниот центар за странци имаат право на пристап до медицинска и психолошка помош.

40 Член 44 од Устав на С. Македонија

41 Стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 година

42 Член 61 ст. 1 т.7 од Законот за меѓународна и привремена заштита

43 Согласно одредбите на Законот за трансформација во државната управа од 08.06.2024 година Министерство за социјална политика, демографија и млади

Лицата со статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и лицата со статус на жртви на трговија со луѓе до стекнување својство на осигурено лице согласно со Законот за здравственото осигурување имаат право на здравствена заштита, под истите услови како и државјаните на С. Македонија[44].

Задолжително здравствено осигурување имаат и странец кој на територијата на С.Македонија е во работен однос или во служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор поинаку не е определено, странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во државава ако со меѓународен договор поинаку не е определено, како и лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор(ако не е осигурено по друга основа) и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, односно установа.[45] Притоа, врз основа на задолжителното здравствено осигурување на сигуреникот, се обезбедува задолжителното здравствено осигурување и на членовите на неговото семејство, ако не се осигурени по друг основ, освен за лицата со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита. Странците на кои им е одобрен привремен престој во С. Македонија по друг основ, имаат обврска самите да обезбедат здравствено осигурување и доказот за истото се доставува при поднесување на барањето за одобрување на привремен престој.

С. Македонија има склучено 18 билатерални договори за меѓусебно здравствено осигурување, од кои 12 се со држави членки на Европската унија. Исто така, граѓаните на девет држави членки на Европската унија може да ја користат Европската картичка за здравствено осигурување и истата е признаена од јавни и од приватни здравствени установи во државата што имаат договор со Фондот за здравствено осигурување.

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Корисници на социјална заштита, според Законот за социјална заштита се државјани на С. Македонија кои имаат постојано живеалиште во Република Северна Македонија и странците кои имаат регулиран постојан престој во С. Македонија. Право на социјална заштита во С. Македонија имаат и лицата баратели на азил, лица со статус на признаен бегалец, лица под супсидијарна заштита и странци со привремен престој, под услови и во постапка утврдени со закон.[47]

Лицата со статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и странците со постојан престој, од денот на доставувањето на решението за признавање на нивниот статус се изедначени со државјаните на С. Македонија во однос на остварување на правата од социјална заштита[48].

44 Член 72 од Законот за меѓународна и привремена заштита и Член 66 став 10 од Законот за здравствено осигурување
45 Член 66 став 11 од Законот за здравствено осигурување
46 Член 13 од Законот за социјална заштита
47 Член 13 ст.2 и член 14 од Законот за социјална заштита
48 Член 71 и член 77 од Законот за меѓународна и привремена заштита

Странците со привремен престој имаат ограничен пристап до правата од социјална – по исклучок законот утврдува право на еднократна парична помош на лице или семејство кое се нашло во социјален ризик заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството[49].

Во однос на правата на парична помош од социјална заштита, законот ги утврдува: 1. гарантирана минимална помош; 2. надоместок заради попреченост; 3. надоместок за помош и нега од друго лице; 4. надоместок на плата за скратено работно време; 5. додаток за домување; 6. траен надоместок и 7. еднократна парична помош. До овие права пристап како и македонските државјани, имаат и лицата со статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и странците со постојан престој.

Странски државјанин кој има живеалиште и регулиран постојан престој во С. Македонија, може да оствари право на детски додаток за дете, согласно закон и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Р. С. Македонија.[50] Лицата со статус на бегалец, како и лицата под супсидијарна заштита, кои се родители на дете со пречки во развојот и со специфични потреби, имаат право на посебен паричен додадок, на начин и под услови утврдени со Законот за заштита на децата.[51]

Услугата за сместувањето во установа за деца, стари лица, лица со попреченост и баратели на азил покрај основната заштита, обезбедува и пристап до образование, стекнување на животни вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, социјални, културни и рекреативни активности, во зависност од потребите на корисниците на услугите.  кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вон-семејна заштита.[52]

Со Законот за социјална заштита е предвидена и услугата за привремен престој, која обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Помеѓу корисниците на оваа услуга се наведени и жртви на семејно насилство и родово базирано насилство, како и жртви на трговија со луѓе.  Услугата се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година.[53]

49 Член 61 од Законот за социјална заштита
50 Член 23 од Законот за детска заштита
51 Член 33-а став 2 од Законот за детска заштита
52 Член 95 од Законот за социјална заштита
53 Член 83 од Законот за социјална заштита

# ПРАВО НА РАБОТА И ВРАБОТУВАЊЕ

Барателі на азил. Законот за меѓународна и привремена заштита им овозможува на барателите на азил да работат во рамките на Прифатниот центар за баратели на азил или друго место за сместување определено од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Дополнително, барател на азил по чие барање за признавање на право на азил не е донесена одлука од страна на Министерството за внатрешни работи – Сектор за азил и по изминување на период од 12 месеци од поднесеното барање, има право на слободен пристап до пазарот на трудот со издавање на работна дозвола со важност од 3 месеци, со можност за продолжување.[54] Барателите на азил имаат право на пристап и до програми на рана интеграција, а дел од предвидените активности на рана интеграција се во насока на зајакнување на нивните компетенции со цел олеснет пристап до пазарот на трудот.

Лицата под супсидијарна заштита во С. Македонија имаат право на работа, здравствена заштита и пензиско и инвалидско осигурување под исти услови кои со соодветни прописи се предвидени за странците со дозволен привремен престој во С.  Македонија. Лицата под супсидијарна заштита можат да аплицираат во Агенцијата за вработување за издавање на лична работна дозвола со важност од една година, со можност за продолжување.  Сепак, „сериозен предизвик кој го им отежнува пристапот до работа на барателите на азил и лицата под привремена заштита е немањето броеви за лична идентификација. Во оваа насока, потребни се дополнителни напори за да се подобрат работничките права на барателите на меѓународна заштита и пристап до број за лична идентификација за да можат да работат, да отворат сметка во банка и да управуваат со имот“[55].

Лица со статус на бегалец. Правото на работа лицата со статус на бегалец го остваруваат согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита и Законот за вработување и работа на странци. Во поглед на правата од работен однос, здравственото, пензиското и инвалидското осигурување, лицата со статус на бегалец се изедначени со државјаните на С. Македонија.[56] Но,  оваа законска одредба е повеќе од декларативен карактер – имено, во пракса  лицата со статус на бегалец не можат да бидат вработени на работно место за кое помеѓу општите услови е наведено државјанство на С. Македонија, односно лицата со статус на бегалци, лицата под супсидијарна заштита, странските државјани и лицата без државјанство не можат да бидат вработени како административни службеници[57] и судски службеници,[58] како и на други позиции за кои неопходен услов е поседување на државјанство на С. Македонија.  Во голем број на случаи и во приватниот сектор се објавуваат огласи во кои државјанство на С. Македонија е наведено во општите услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите, на кој начин дополнително се ограничува пристапот до работа на странците кои престојуваат на територијата на С. Македонија.

54 Член 12 од Законот за вработување и работа на странци

55 Извештај на Европската унија за С. Македонија за 2023 година

56 Член 73 од Законот за меѓународна и привремена заштита

57 Согласно член 31 од Законот за административни службеници, во општите услови кои треба да ги пополнува кандидатот за административен службеник е предвидено државјанство на С. Македониј, а доколку лицето поседувало државјанство на С. Македонија, но истото е престанато или е добиен отпуст од државјанство, работниот однос ќе биде прекинат.

58 Согласно член 21 од Законот за судска служба, во општите услови кои треба да ги пополнува кандидатот за судски службеник е предвидено државјанство на С. Македонија, а доколку лицето поседувало државјанство на С. Македонија, но истото е престанато или е добиен отпуст од државјанство, работниот однос ќе биде прекинат.

Жртви на трговија со луѓе. На лицата жртви на трговија со луѓе кои имаат стекнато дозвола за привремен престој поради хуманитарни причини им се издава лична работна дозола за временскиот период на валидноста на дозволата за привремен престој. Притоа, за лицата со утврден статус на жртви на трговија со луѓе, по поднесено барање за издавање на лична работна дозвола до Агенцијата за вработување, исто како и кај барателите на азил, лицата под супсидијарна заштита и лицата со статус на бегалец не е потребно да се обезбеди мислење од Министерството за внатрешни работи.[59]

На странски државјани може да им биде издадена дозвола за вработување во С. Македонија доколку: работодавачот ги исполнува законски пропишаните услови; квотата која важи за овој облик на вработување не е пополнета и вработувањето на странецот нема негативни влијанија на пазарот на трудот, особено врз домашната состојба на невработеност, структурата на вработеност или регионалните потреби за создавање на нови работни места во индустрии.[60]

Странец во С.Македонија може да работи врз основа на решение за привремен престој заради работа и притоа може да ја врши само работата за која му е одобрен привремениот престој. По исклучок, странецот кој има краткорочен престој во државата може да врши краткотрајни работи во период до 90 дена со потврда за регистрација на работата, доколку со закон поинаку не е определено.

Привремен престој заради вработување и сезонско вработување ќе му се одобри на странец кој ги исполнува условите согласно закон и за кој е добиено позитивно мислење од страна на Агенцијата за вработување, кое се однесува на период не подолг од една година. Вработувањето на странци во случаите на управители, основачи, спортисти, работници од областа на културата, научници, уредници, персонал во дипломатски претставништва кои немаат привилегиран статус и странци кои повеќе од една години работат кај ист работодавач и на исто работно место, нема да се поврзува со пазарот на трудот, заради природата на работата за која станува збор и позитивно мислење за горенаведените случаи ќе се издава без оглед на моменталните услови на пазарот на труд во поглед на дефицитарноста на работната сила.

Странците кои престојуваат во С. Македонија заради студирање имаат исклучително ограничен пристап до пазарот на трудот, односно можат да вршат краткорочни или помошни работи без дозвола за работа, доколку целокупниот период за вршење на овие работи не надминува 10 работни часа во текот на една недела.[61]

Сезонското вработување на странци ќе биде дозволено во рамките на активностите од сезонска природа, единствено во случај кога побарувачката на пазарот на работна сила привремено ја надминува понудата, која ќе послужи како основа за одредување на годишната квота за овие намени.

59 Член 10 став 3 точка 3 од Законот за вработување и работа на странци
60 Член 14 од Законот за вработување и работа на странци
61 Член 30 ст. 1 од Законот за вработување и работа на странци

Странско правно лице може да упатува работници вработени кај него, ако работниците биле претходно вработени кај тоа правно лице најмалку една година. По исклучок, доколку станува збор за практиканти, истите треба претходно да биле вработени кај тоа правно лице најмалку шест месеци.

Ограничување на бројот на странците на пазарот на трудот. Согласно со политиката за миграција, условите и флуктуацијата на пазарот на трудот, Владата годишно утврдува квота на работни дозволи (преку која ќе го ограничува бројот на странци на пазарот на трудот.[62] Квотата не опфаќа странци на кои врз основа на договор за реципроцитет со Европската унија им е дадена еднаквост со државјаните на С. Македонија, ниту пак странци за кои не се предвидува дека мора да обезбедат работна дозвола, странци кои поседуваат лична работна дозвола, претставници и преместени странски работници кои ќе посетуваат дополнителни курсеви за обука.

Покрај ограничувањето на бројот на странците на пазарот на трудот[63], дополнителни ограничувања претставуваат претходно споменатите работни места за кои во општите услови е наведено поседување на државјанство на С. Македонија, но и законски одредби со кои странските државјани имаат пристап до одредено работно место по исклучок и во посложена постапка во споредба со македонските државјани. На пример, странец може да се вработи како здравствен работник во здравствена установа, доколку има завршено високо образаовние и е истакнат стручњак во областа на медицината, стоматологијата или фармацијата, по одлука на Владата врз основа на позитивни мислења од Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи и согласно со прописите за вработување на странци.[64]

Дополнителен предизвик во пристапот до работа на ранливите категории на странци во С. Македонија претставува процесот на признавање на професионалните квалификации. На ова поле не е постигнат напредок во процесот на усогласување со правото на Европската унија, односно сè уште не е донесен закон за признавање на професионалните квалификации.[65]

Евидентирање како невработени лица. Странците (вклучително и барателите на азил, лицата под супсидијарна и привремена заштита, лицата со статус на бегалец и жртви на трговија со луѓе) на кои им е издадена лична работна дозвола, а им престанал работниот однос не по нивна вина, можат да се заведат во евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување.

Отворен Балкан. Од февруари 2024 година на државјаните на Република Албанија и Република Србија им е значително олеснет и поедноставен пристап до пазарот на трудот во С. македонија. Имено, Со ратификацијата на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, како и Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан (во рамки на

62 Член 5 од Законот за вработување и работа на странци

63 Согласно 5 став. 5 од Законот за вработување и работа на странци квотата не може да надминува 5% од населението на С. Македонија кое е законски вработено

64 Член 158 став 2 од Законот за здравствена заштита

65 Извештај на Европската унија за С. Македонија за 2023 година

иницијативата Отворен Балкан), државјаните на С. Македонија, Србија и Албанија можат да работат во било која од државите на оваа иницијатива во поедноставена процедура. Договорите и донесените законски измени овозможуваат електронско издавање дозвола за престој, односно единствен матичен број за странец, а притоа целосно е изземена постапката за обезбедување работна дозвола за државјаните членки на иницијативата Отворен Балкан, односно истата е заменета со електронски сертификат за слободен пристап до пазарот на трудот во државите кои се членки на Отворен Балкан.

Што се однесува до правата од пензиско и инвалидско осигурување, во С. Македонија задолжително се осигуруваат и странските државјани и лицата без државјанство кои се вработени кај работодавач или се самовработени на територијата на С.Македонија, а со задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на инвалидност или професионална болест, осигурени се и странските државјани кои се наоѓаат на школување во С. Македонија, доколку државата, чии државјани се тие, исто така постапува со државјаните на С. Македонија, освен во случаите во кои со ратификуван меѓународен договор е определено поинаку.[66] Странските државјани за кои е плаќан придонес за пензиско и инвалидско осигурување во С. Македонија, можат да остварат право на пензија согласно ратификувани меѓународни договори. Исто така, осигуреник кој ќе оствари дел од пензијата според меѓународен ратификуван договор, има право на најнизок износ на старосна пензија ако износот на пензијата определена според Законот за пензиско и инвалидско оситурување е помал од износот на кој се определува најнискиот износ на пензија.[67]

# ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ

Правото на сопственост е уставно загарантирано право. Странските физички и правни лица може да стекнуваат право на сопственост врз подвижни ствари, како и државјаните на С. Македонија. Сепак, во однос на недвижниот имот, националното законодавство предвидува различен пристап до правото на сопственост. Имено, странците кои се државјани на држава која е членка на Европската Унија или на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) имаат право на стекнување на сопственост над недвижен имот (стан, станбена зграда, деловен простор и градежно земјиште) под еднакви услови како и државјаните на С. Македонија, вклучително и по пат на наследување. Државјаните на останатите држави можат да стекнат право на сопственост врз подвижен имот, а во однос на стекнувањето на право на сопственост на недвижен имот (стан, станбена зграда или деловен простор) согласно начелото на реципроцитет, односно само доколку и државјани на С. Македонија можат да стекнуваат право на сопственост во државите на потекло на овие лица.[68] Странците слободно располагаат со правото на сопственост, односно истото може непречено да го пренесат на државјани на С. Македонија како и странци кои согласно закон може да се стекнат со право на сопственост на предметниот имот. Државата води евиденција за имотот

66 Член 14. 15 и 16 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување

67 Член 36 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување

68 Член 243, 244 и 245 од Законот за сопственост и други стварни права

кој го стекнале странските државјани и странски правни лица, односно Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од пет дена од извршениот упис на правото на сопственост на странско лице, податоците да ги достави до Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски заради водење на евиденција.[69]

Странските физички и правни лица не можат да стекнуваат право на сопственост над земјоделско земјиште, како и право на сопственост над недвижност, која поради заштита на интересите и безбедноста на С. Македонија, со закон е прогласена за подрачје на кое странски лица немаат право на сопственост, освен ако со закон поинаку не е определено[70].

Во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија, С. Македонија ќе мора да им овозможи пристап на странските државјани и странските правни лица до стекнување на право на сопственост и над земјоделско земјиште, односно согласно препораките на Европската Унија  во текот на 2024 година државата треба „да усоврши, да донесе и да спроведе патоказ со активности и рокови за примена на правилата на ЕУ за слободно движење на капитал, вклучувајќи и за стекнување земјоделско земјиште“.[71]  Притоа, државата треба да внимава да не воведе дополнителни услови за странците да можат да се стекнат со право на сопственост над земјоделско земјиште. Имено, Република Бугарија предвиде услов странските државјани да можат да се стекнат со право над земјоделско земјиште доколку најмалку 5 години имале одобрен престој на територијата на Р. Бугарија, за што Европскиот суд на правдата во Луксембург на 18.01.2024 година пресуди дека овој услов претставува ограничување на пристапот до право на слободно движење на капиталот, што е забрането со член 63 од  Договорот од Лисабон (Договорот за функционирање на Европската унија)[72].

Во однос на пристапот до право на сопственост над недвижен имот од страна на ранливите категории на странци,  барателите на азил, лицата под супсидијарна и привремена заштита, како и лицата кои се жртви на трговија со луѓе, се применуваат правилата кои важат за странците утврдени со Законот за сопственост и други стварни права, односно во зависност од тоа дали нивната матична држава е членка на ЕУ или ОЕЦД, или доколку не се, согласно принципит на реципроцитет нивниот пристап до право на сопственост над недвижен имот зависи од пристапноста до ова право во нивната матична држава за државјаните на С. Македонија.

Лицата со статус на бегалец во пристапот до право на сопственост над недвижен имот се изедначени со државјаните на држави членки на ЕУ и ОЕЦД, односно можат да стекнуваат право на сопственост на движен и недвижен имот,  освен во случаите во кои се утврдени ограничувања за странски државјани (земјоделско земјиште и недвижност која со закон е прогласена за подрачје на кое странски лица немаат право на сопственост).

69 Член 252-а од Законот за сопственост и други стварни права

70 Член 250 од Законот за сопственост и други стварни права

71 Извештај на Европската унија за С. Македонија за 2023 година, Поглавје 4 Слободно движење на капитал (стр. 92)

72 https://curia.europa.eu/juris/document/document_print.jsf;jsessionid=DCDA69348B1DD806A9E197BD5A11D0AA?mode=DOC&pageIndex=0&docid=281796&part=1&doclang=EN&text=&dir=&occ=first&cid=4315142

Странските државјани, барателите на азил, лицата под супсидијарна и привремена заштита, лицата со статус на бегалец и лицата кои се жртви на трговија на луѓе може да се се јават како (со)содружник на трговско друштво, на начин и согласно правилата утврдени со Законот за трговски друштва, односно се изедначени со државјаните на С. Македонија.

Предизвик за пристапот до право на ранливите категории на лица е неопходноста како придружен документ кон пријавата за основање да достават важечка идентификациона исправа од државата чии државјани се, односно друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во нивната држава. Имено, во пракса, ранливите категории на странци кои биле приморани да ја напуштат нивната држава и на кои по доделувањето на заштита во С. Македонија им се издадени и идентификациони исправи за баратели на азил, лица под супсидијарна заштита или лица со статус на бегалец, може да не ја продолжат важноста на идентификационата исправа издадена од државата чии државјани се, па од овие причини постои потреба од интервенција во текстот на Законот за трговските друштва со цел на признавање на идентификационите исправи издадени на ранливите категории на странци, од страна на надлежните органи на С. Македонија.

Странските државјани (вклучително и ранливите категории на странци) имаат право да учествуваат во управување на трговски друштва, освен да бидат избрани како членови на органи на управување во трговски друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата.

Лицата со статус на бегалец може да вложуваат во хартии од вредност и да учествуваат во распределба на капитална добивка. Во согласност со законските прописи на С. Македонија, лицето со статус на бегалец има право на трансфер на имотот кој е внесен на територијата на С. Македонија и слободно изнесување на вложениот капитал и добивката во друга држава каде што е примен заради ново населување.[73]

# ПРАВО НА СЕМЕЕН ЖИВОТ

Склучување на брак. Странски државјани можат да склучат брак во С. Македонија. За да биде брачната заедница полноважна, се применуваат условите кои важат и за македонски државјани, односно брачната заедница да биде регистрирана во некое од подрачните одделенија при Управата за водење на матичните книги надлежни за водење на матичните книги на венчаните. Сепак, во пракса, странските државјани можат да се соочат со предизвици до пристапот до ова право, бидејќи помеѓу документите кои треба да бидат доставени во постапката се предвидени оригинален извод од матичната книга на родените, уверение за слободна брачна состојба и документ од матичната држава кој потврдува дека не постојат законски пречки за склучување на

73 Член 75 од Закон за меѓународна и привремена заштита

брак од страна на странскиот државјанин. Документите треба да бидат заверени со апостил, преведени на македонски јазик, заверени на нотар и не постари од 6 (шест) месеци, што претставува предизвик особено за ранливите категории на странци, кои биле приморани да ја напуштат матичната држава поради прогонување, или вооружен конфликт.

Посвојување на дете. Посвоител, по правило, може да биде само државјанин на С. Македонија. По исклучок, како посвоител може да се јави и лице кое е странски државјанин.[74] Во случаите на посвојување од странски државјанин неопходна е согласност на Комисијата за засновање на посвојување при Министерството за труд и социјална политика. Притоа, критериумите кои важат за посвоителите кои се македонски државјани во однос на здравствената состојба, психосоцијален статус, материјални услови, станбени услови, степен на образование и возраст се применуваат и на потенцијалните посвоители кои се странски државјани, а дополнително странските државјани треба да достават и извадоци од законот на земјата на посвоителите што се однесуваат на посвојувањето и други информации и докази за да се обезбедат еднакви или подобри услови за живот и развој на детето, како и извештај од соодветна социјална служба за способноста, за подобноста и за мотивите за посвојување, за нивното потекло, за семејната и медицинската историја, за социјалната околина, за причините за посвојување, за можноста за спроведување на меѓународно посвојување, како и за карактеристиките на децата за кои би биле во можност да се грижат. Како и во случајот на обезбедување на придружни документи кои се неопходни за спроведување на постапката за склучување на брак, така и во однос на постапката на посвојување, ранливите категории на странци кои престојуваат на територијата на С. Македонија, би се соочиле со предизвици до пристапот до ова право, во случај на поднесување на барање за посвојување на дете во С. Македонија.

Семејно обединување. На странец на кој во С. Македонија му е одобрен постојан престој или привремен престој, за период од една година, заради работа, научно-истражувачка дејност, волонтерство или кој е по потекло од С, Македонија, под услови утврдени со Законот за странци, му се признава право на семејно обединување со членовите на неговото потесно семејство кои се странци. По исклучок, право на семејно обединување не се признава на членови на потесно семејство на странец кој има дозвола за привремен престој заради сезонско вработување.

Право на семејно единство, односно семејно обединување уживаат и лица со статус на бегалец и лицата под супсидијарна заштита, при што лицето со статус на бегалец се стекнува со ова право со добивањето на статус на бегалец, а лицето под супсидијарна заштита се стекнува со правото на семејно обединување по изминување на две години од добиенот статус на лице под супсидијарна заштита. Во двата случаи, семејно обединување нема да биде применето доколку постојат причини за исклучување од ова право.[75]

74 Член 99 од Законот за семејство

75 Член 15 став 2 од Законот за меѓународна у привремена заштита

Постапката за семејно обединување се спроведува на барање на лицата со статус на бегалец, односно лицата под супсидијарна заштита. Лицата кои се баратели на азил во С. Македонија немаат право на семејно обединување.

Како што е наведено и во Извештајот на Европската Унија за С. Македонија за 2023 година, потребни се дополнителни напори за да се намалат одложувањата во обединувањето на семејствата за лица што се под супсидијарна заштита, а особено за малолетниците без придружба. Имено, одложувањата се во спротивност со начелото на најдобриот интерес на детето.

# СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ

Уставот на С. Македонија им го гарантира на граѓаните правото на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.[76] Странските државјани може да се јават како основачи на здружение на граѓани, под слични услови како и државјаните на С. Македонија. Имено, здружение на граѓани можат да основаат најмалку пет основачи (физички и правни лица), од кои најмалку три од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на С. Македонија.[77] Во пракса ова значи сите категории на странци, односно странски државјани без привремен или постојан престој во С. Македонија, баратели на азил, лица под супсидијарна или привремена заштита, лица со статус на бегалец, како и лица без државјанство можат да се јават како основачи на здружение на граѓани доколку 1) ги исполнуваат условите за да се јават како основач кои се утврдени и за државјаните на С. Македонија и 2) најмалку три од основачите имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на С. Македонија.

Законот за здруженија на граѓани ги изедначува странците кои имаат живеалиште на територијата на нашата држава и се основачи и членови на здруженија на граѓани со државјаните на С. Македонија, односно истите без ограничувања можат да учествуваат во работата, управувањето и одлучувањето на здруженијата на граѓани чие основање и работење е усогласено со одредбите на предметниот закон. Исто така, законот предвидува можност странските организации (организации кои се основани во странство) да дејствуваат во С. Македонија преку подружница, канцеларија или друг организационен облик.[78]

76 Член 20 од Уставот на С. Македонија

77 Член 15 став 2 од Законот за здруженија и фондации

78 Член 35 од Законот за здруженија и фондации

# ПРЕПОРАКИ

- Поради хоризонтална неусогласеност на законите, потребно е да се интервенира во Законот за евиденциите во областа на трудот и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со цел вклучување на лицата кои престојуваат во С. Македонија согласно одредбите на Законот за меѓународна и привремена заштита како посебна категорија на која се однесуваат законските одредби;

- Неодложно да се пристапи кон доработка и усвојување на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци;

- Унапредување на механизмите за следење на имплементацијата на стратешките цели содржани во Резолуцијата за миграциска политика и Стратегијата за интеграција на бегалци и странци, со цел навремено идентификување на предизвици во имплементацијата и усвојување на соодветни интервенции за нивно надминување;

- Неопходно е дополнително градење на капацитетите на рана интеграција, како и диверзификација на достапните услуги на рана интеграција, со цел ефикасно спроведување на предвидените мерки и постигнување на целите кон кои треба да придонесат воведените мерки за рана интеграција;

- Неопходни се дополнителни напори за подобрена вклученост и интеграција во образовниот процес на децата од ранливите категории на странци кои не владејат ниту еден од локалните јазици ниту сроден јазик, како и подобрени можности и олеснет пристап до образование за возрасни - за полнолетните претставници на ранливите категории на странци кои престојуваат на територијата на С. Македонија;

- Надлежните органи да ја преиспитаат неопходноста од ограничување на пристапот до работа за барателите на азил, лицата под хуманитарна заштита, странци кои престојуваат на територијата на С. Македонија заради студирање, членови на семејства на странците со регулиран престој во С. Македонија, вклучително и ограничувањето на пристапот до работни места во органите на државната управа за сите странски државјани, особено за оние работни места кои согласно нивната природа не можат да влијаат на стабилноста и безбедноста на државата, ниту да имаат негативно влијание на пазарот на трудот, односно пристапот до работни места за државјаните на С. Македонија;

- Потребна е поголема вклученост на претставници од ранливите категории на странци во консултативниот процес на креирање на политиките кои се однесуваат на овие социјални групи (баратели на азил, лица под супсидијарна и хуманитарна заштита, бегалци, жртви на трговија со луѓе и други ранливи категории на странци).

- Неопходно е унапредување на законската рамка во насока на поголема вклученост и учество на локалните власти во обезбедувањето на услуги за ранливите категории на странци кои престојуваат на нивната територија;

- Усвојување на локални стратегии, политики и програми, како и активни мерки на поддршка од страна на општините за подобрена инклузија на бегалците и странците во локалните заедници (пр. јазични курсеви, курсеви за граѓанска ориентација, обезбедување на простор без надомест за одржување на активности на рана интеграција од страна на други институции и локални актери и.т.н.)